# Барселона Нова Година

## 28. декември 2025. - 1. јануари 2026.
## 5 дена - 4 ноќи

Еден од најубавите градови на светот - шарената Барселона, град кој се наоѓа на бакет листата на сите патници -- а дали има помагично од посета на Барселона од дочек на Новата 2025!!!

Поради несекојдневната убавина ја нарекуваат „Кралица на Медитеранот“, а она што никако не смеете да пропуштите е Гаудиевите куќи Casa Milla и Casa Batllo, познатата Sagrada Familia, бајковитиот Park Guell, танцувачките фонтани во Montjuïc, шеталиштето La Rambla, плажата Barceloneta и градот Жирона.

Незаборавна новогодишна авантура која дефинитивно ќе ја паметите доживотно!!

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците, поаѓање и пристигнување во Барселона.**

Состанок на патниците во Скопје. Лет од Скопје до Барселона. Пристигнуваме и имаме трансфер до сместувањето во Барселона. Добродојдовте во еден од најмагичните и најшарените градови во Европа. Имаме слободно време да го истражиме овој магичен град. ***Ноќевање***

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Барселона (Wizz Air) со вклучен рачен багаж (40x30x20)

**Сместување**
Hotel Best Auto Hogar **(1 ноќ)**

**Место**
Скопје, Барселона

**Ден 2: Факултативни излети - Gaudi Tour & Flamenco Show**

Овој ден е целосно посветен на човекот што ја обележа Барселона со својот уникатен стил — Антони Гауди. Започнуваме со прошетка низ едно од неговите најволшебни дела — **Парк Гуел**. Влегуваме низ шарената порта и веднаш нè пречекуваат живописните мозаични површини, органските форми и славиот гуштер „Ел Драко“. Погледот од терасата го зазема целиот град, а паркот изгледа како бајка во која може да се изгубиш. Не е ни чудо што е заштитен од УНЕСКО. Во срцето на паркот се наоѓа **Музејот-куќа на Гауди**, каде што тој живеел речиси 20 години. Внатре се изложени негови лични предмети, мебел што самиот го дизајнирал, цртежи и мали детали што ни откриваат колку бил посветен на својата работа и на природата како инспирација. Потоа продолжуваме кон најпознатата креација на Гауди, која се гради веќе околу 142 години и се верува дека ќе биде целосно изградена во 2026 -- Sagrada Familia. По оваа духовна и архитектонска импресија, се движиме кон **Passeig de Gràcia**, елегантната и енергична улица што ја спојува модерната Барселона со нејзината богата историја. Тука нè пречекува фасцинантната**Casa Batlló** — куќата која буквално „дише“. Балконите изгледаат како черепи, а фасадата како да е покриена со лушпи од змеј. Внатрешноста е уште поимпресивна — секој детаљ е внимателно изработен и инспириран од природата. Сè е заоблено, тече, се движи... како да сме влегле во сон. Внатрешноста е неверојатна како и надворешноста. Иновативниот архитектонски дизајн на Антони Гауди се поигрува со формата и функционалноста. Ја завршуваме нашата Гауди-авантура со **Casa Milà**, или како што локалците ја викаат — **La Pedrera** (карпата). Последната приватна резиденција што Гауди ја проектирал пред целосно да се посвети на Саграда Фамилија. Имаме прилика да го посетуваме покривот со познатите скулптури кои изгледаат како чувари од некој друг свет. Внатре, музејот нуди увид во креативниот процес на Гауди и начинот на кој размислувал.

Вечерта е резервирана за едно незаборавно искуство --**фламенко шоу.** Вистински огнен танц кој ги спојува страста, болката и љубовта во едно. Стигнуваме до традиционален tablao – интимен простор со мала сцена, дрвени столчиња и атмосфера што мирисa на андалузиска душа. Звук на гитара која ја сече просторијата, музика која го запира здивот и која раскажува приказна – не со зборови, туку со срце. Го чувствуваме ритамот на стапалата (zapateado) како се спојува со гитарите и пеењето, создавајќи музика што ја чувствуваме низ целото тело. Нема потреба од превод – ова е јазик што го разбира секој. Фламенкото не е само танц — тоа е живот, болка, љубов, историја и гордост, преточени во движење.

**Сместување**
Hotel Best Auto Hogar **(1 ноќ)**

**Место**
Барселона

**Факултативни излети**
Gaudi Tour

**Ден 3: Факултативен излет -- Girona & Figeras**

Овој ден го посветуваме на бегство од урбаната енергија на Барселона и патување кон север – во срцето на Каталонија. Нашата прва станица е**Гирона**, град кој изгледа како да излегол од страниците на некоја средновековна приказна. Штом ќе зачекориме во стариот дел на градот, се чувствува мирот и историјата што течат низ тесните камени улички. Поминуваме покрај реката Оњар, чии шарени куќи се одразуваат во водата – совршена позадина за фотографија. Улиците водат до **еврејскиот кварт**, еден од најдобро зачуваните во Европа, каде што времето изгледа како да застанало. Тука шетаме низ камени премини, тивки скали и мали скриени дворчиња. Се искачуваме до **Катедралата на Гирона**, со нејзиното најшироко готско скалиште во светот, и уживаме во погледот од врвот. Доколку ви изгледа познато – не сте во заблуда. Транспортирани сте во Westeros од хит серијата „Game of Thrones“. Одѕивот на чекорите на калдрмата, тишината во воздухот и мирисот на историја прават да се чувствуваме како да сме влезени во некој друг свет. По прошетката низ Гирона, продолжуваме уште малку понатаму кон **Фигерас**, родното место на еден од најексцентричните уметници на 20. век — **Салвадор Дали**. Највпечатлив дел од нашата посета тука е, секако,**Театар-музејот Дали** — зграда што сама по себе е уметничко дело.

**Сместување**
Hotel Best Auto Hogar **(1 ноќ)**

**Место**
Барселона

**Факултативни излети**
Girona & Figeras

**Ден 4: Факултативен излет - Citadella, Montjuic Hill, Olympic Monument и СРЕЌНА НОВА ГОДИНА!**

Овој ден е совршен спој на историја, природа, култура и уметност – ден кога ја истражуваме една поинаква Барселона. Започнуваме со утринска прошетка низ еден од најубавите паркови во градот – **Parc de la Ciutadella.** Ова зелено срце на Барселона некогаш било воена тврдина, а денес е идеално место за одмор, пикник или тивка прошетка под сенките на дрвјата. Ги посетуваме **Каталонскиот парламент** и импресивната **фонтана Cascada Monumental**, во чиј дизајн учествувал и младиот Гауди додека бил студент. Потоа се упатуваме кон ридот **Монжуик** – место каде што Барселона ја покажува својата културна и спортска душа. Се искачуваме на врвот и веднаш сме поздравени со неверојатни панорамски погледи кон градот и Медитеранот. На ридот се наоѓаат бројни знаменитости, но највпечатливи се **Олимписките споменици** – стадионот Ллуис Компанис, олимпискиот пламен и кулата на Калатрава. Го чувствуваме духот на Олимписките игри од 1992 година, кои го променија ликот на Барселона и ја претворија во светска метропола. Продолжуваме кон едно сосема неочекувано место – **Poble Espanyol** (Шпанско село). Ова не е обично село – туку **реплика на цела Шпанија**, изградена за Светската изложба во 1929 година. Се шетаме низ улици инспирирани од различни региони на земјата – од андалузиски дворови, преку кастилски плоштади, до галисиски куќички. Се чувствуваме како да сме патувале низ цела Шпанија без да ја напуштиме Барселона. Во Пебло Еспањол откриваме и галерии, локални занаетчии кои изработуваат стакло, керамика, кожа... и мали продавнички со автентични сувенири. Ако додадеме и малку тапас и чаша црвено вино во некој од традиционалните ресторани, оваа посета станува вистински доживљај за сите сетила. Враќајќи се назад, чувствуваме како денот ни поминал во вистинска авантура – помеѓу историјата и културата, модерното и традиционалното. Во најживото место во градот ја дочекуваме Новата 2026... **СРЕЌНА НОВА ГОДИНА!!** Неизбежно е да не си посакаме секоја наредна Нова Година да ја дочекаме на вакво магично место.

**Сместување**
Hotel Best Auto Hogar **(1 ноќ)**

**Место**
Барселона

**Факултативни излети**
Montjuïc Hill, Parc de la Ciutadella & Poble Espanyol

**Ден 5: Факултативен излет -- Gothic Quarter и враќање и крај на патувањето**

По пладне го напуштаме нашето сместување. Денес патуваме назад во времето – длабоко во срцето на Барселона, во местото каде што започнала историјата на овој град – **Готската четврт**, или **Barri Gòtic**. Ова е едно од оние места каде што времето тече побавно, каде што секоја калдрмисана улица има своја приказна, и секој агол крие по некоја тајна. Започнуваме со прошетка низ тесните, кривулести улички кои водат од една до друга мала плоштадче. Камени ѕидови, стари прозорци со дрвени капаци и балкони полни со цвеќиња ни создаваат чувство како да сме влезени во средновековен филм. И не е далеку од вистината – некои делови од Готската четврт се стари над 2.000 години. Во Готската четврт има и уметност на секој чекор – од улични музичари и цртачи, до мали бутици со антиквитети, книжарници и скриени барови. Ако внимателно гледаш, можеш да го најдеш и познатиот **мозаик на Пикасо** или графитите што раскажуваат современи приказни во антички простор. Вечерен трансфер до аеродром. Лет од Барселона до Скопје. **Крај на патувањето.**

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Барселона - Скопје (Wizz Air), со вклучен рачен багаж (40x30x20)

**Место**
Барселона, Скопје

**Факултативни излети**
Gothic Quarter & Picasso Museum

**Цени и услови**

| Што е вклучено |
| --- |
| Регуларна цена<br>**999,00** EUR |
| **20 ГОДИНИ JUNGLE!**<br>Попустот важи само за првите 4 пријави во АКЦИЈА!<br>**849,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скенирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

**Факултативни излети**
**Gaudi Tour**

**Цена**: **65,00** EUR

Овој ден е целосно посветен на човекот што ја обележа Барселона со својот уникатен стил — Антони Гауди. Започнуваме со прошетка низ едно од неговите најволшебни дела — **Парк Гуел**. Влегуваме низ шарената порта и веднаш нè пречекуваат живописните мозаични површини, органските форми и славиот гуштер „Ел Драко". Погледот од терасата го зазема целиот град, а паркот изгледа како бајка во која може да се изгубиш. Не е ни чудо што е заштитен од УНЕСКО. Во срцето на паркот се наоѓа **Музејот-куќа на Гауди**, каде што тој живеел речиси 20 години. Внатре се изложени негови лични предмети, мебел што самиот го дизајнирал, цртежи и мали детали што ни откриваат колку бил посветен на својата работа и на природата како инспирација. Потоа продолжуваме кон најпознатата креација на Гауди, која се гради веќе околу 142 години и се верува дека ќе биде целосно изградена во 2026 -- Sagrada Familia. По оваа духовна и архитектонска импресија, се движиме кон **Passeig de Gràcia**, елегантната и енергична улица што ја спојува модерната Барселона со нејзината богата историја. Тука нè пречекува фасцинантната **Casa Batlló** — куќата која буквално „дише". Балконите изгледаат како черепи, а фасадата како да е покриена со лушпи од змеј. Внатрешноста е уште поимпресивна — секој детаљ е внимателно изработен и инспириран од природата. Сè е заоблено, тече, се движи... како да сме влегле во сон. Внатрешноста е неверојатна како и надворешноста. Иновативниот архитектонски дизајн на Антони Гауди се поигрува со формата и функционалноста. Ја завршуваме нашата Гауди-авантура со **Casa Milà**, или како што локалците ја викаат — **La Pedrera** (карпата). Последната приватна резиденција што Гауди ја проектирал пред целосно да се посвети на Саграда Фамилија. Имаме прилика да го посетуваме покривот со познатите скулптури кои изгледаат како чувари од некој друг свет. Внатре, музејот нуди увид во креативниот процес на Гауди и начинот на кој размислувал. Со срцето полно инспирација и очите полни боја и форма, се враќаме во нашето сместување, размислувајќи за тоа како еден човек успеал да ја претвори Барселона во град од соништата.

***Напомена**: Во излетот е вклучена влезница за Парк Гуел. Не е вклучена влезница за Sagrada Familia, и Casa Mila (влезницата треба да се обезбеди однапред -- при пријава или доплата на целосниот аранжман)*

**Girona & Figeras**

Овој ден го посветуваме на бегство од урбаната енергија на Барселона и патување кон север – во срцето на Каталонија. Нашата прва станица е **Гирона**, град кој изгледа како да излегол од страниците на некоја средновековна приказна. Штом ќе зачекориме во стариот дел на градот, се чувствува мирот и историјата што течат низ тесните камени улички. Поминуваме покрај реката Онјар, чии шарени куќи се одразуваат во водата – совршена позадина за фотографија. Улиците водат до **еврејскиот кварт**, еден од најдобро зачуваните во Европа, каде што времето изгледа како да застанало. Тука шетаме низ камени премини, тивки скали и мали скриени дворчиња. Се искачуваме до **Катедралата на Гирона**, со нејзиното најшироко готско скалиште во светот, и уживаме во погледот од врвот. Доколку ви изгледа познато – не сте во заблуда. Некои сцени од „Game of Thrones" се снимани токму тука. Одѕивот на чекорите на калдрмата, тишината во воздухот и мирисот на историја прават да се чувствуваме како да сме влезени во некој друг свет. По прошетката низ Гирона, продолжуваме уште малку понатаму кон **Фигерас**, родното место на еден од најексцентричните уметници на 20. век — **Салвадор Дали**. Највпечатлив дел од нашата посета тука е, секако, **Театар-музејот Дали** — зграда што сама по себе е уметничко дело.

*Во цената на излетот е вклучено: организиран трансфер по предвидениот план и програма, претставник од агенцијата, локален водич, влезница за музејот на Дали (доплата за излетот мора да се направи со уплата на патувањето заради обезбедување на влезници во музејот на Дали)*

**Montjuïc Hill, Parc de la Ciutadella & Poble Espanyol**

Овој ден е совршен спој на историја, природа, култура и уметност – ден кога ја истражуваме една поинаква Барселона. Започнуваме со утринска прошетка низ еден од најубавите паркови во градот – **Parc de la Ciutadella.** Ова зелено срце на Барселона некогаш било воена тврдина, а денес е идеално место за одмор, пикник или тивка прошетка под сенките на дрвјата. Ги посетуваме **Каталонскиот парламент** и импресивната **фонтана Cascada Monumental**, во чиј дизајн учествувал и младиот Гауди додека бил студент. Потоа се упатуваме кон ридот **Монжуик** – место каде што Барселона ја покажува својата културна и спортска душа. Се искачуваме на врвот и веднаш сме поздравени со неверојатни панорамски погледи кон градот и Медитеранот. На ридот се наоѓаат бројни знаменитости, но највпечатливи се **Олимписките споменици** – стадионот Ллуис Компанис, олимпискиот пламен и кулата на Калатрава. Го чувствуваме духот на Олимписките игри од 1992 година, кои го променија ликот на Барселона и ја претворија во светска метропола. Продолжуваме кон едно сосема неочекувано место – **Poble Espanyol** (Шпанско село). Ова не е обично село – туку **реплика на цела Шпанија**, изградена за Светската изложба во 1929 година. Се шетаме низ улици инспирирани од различни региони на земјата – од андалузиски дворови, преку кастилски плоштади, до галисиски куќички. Се чувствуваме како да сме патувале низ цела Шпанија без да ја напуштиме Барселона. Во Пебло Еспањол откриваме и галерии, локални занаетчии кои изработуваат стакло, керамика, кожа... и мали продавнички со автентични сувенири. Ако додадеме и малку тапас и чаша црвено вино во некој од традиционалните ресторани, оваа посета станува вистински доживљај за сите сетила.

Враќајќи се назад, чувствуваме како денот ни поминал во вистинска авантура – помеѓу историјата и културата, модерното и традиционалното.

Во цената на излетот е вклучено: Организиран трансфер по предвидениот план и програма, претставник од агенција, локален водич, влезница за во шпанското село (Poble Espanyol)

**Gothic Quarter & Picasso Museum**

**Цена**: **50,00** EUR

Денес патуваме назад во времето – длабоко во срцето на Барселона, во местото каде што започнала историјата на овој град – **Готската четврт**, или **Barri Gòtic**. Ова е едно од оние места каде што времето тече побавно, каде што секоја калдрмисана улица има своја приказна, и секој агол крие по некоја тајна. Започнуваме со прошетка низ тесните, кривулести улички кои водат од една до друга мала плоштадче. Камени ѕидови, стари прозорци со дрвени капаци и балкони полни со цвеќиња ни создаваат чувство како да сме влезени во средновековен филм. И не е далеку од вистината – некои делови од Готската четврт се стари над 2.000 години. Во Готската четврт има и уметност на секој чекор – од улични музичари и цртачи, до мали бутици со антиквитети, книжарници и скриени барови. Ако внимателно гледаш, можеш да го најдеш и познатиот **мозаик на Пикасо** или графитите што раскажуваат современи приказни во антички простор.

*Во цената на излетот е вклучено: претставник од агенцијата и локален водич*

**Сместување**

**Hotel Best Auto Hogar** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Best Auto Hogar е хотел 3* (по локална категоризација) во Барселона, Шпанија. Хотелот се наоѓа на одлична локација во Барселона, на само 10 минути пешки од Рамблас, а веднаш спроти хотелот се наоѓа и метро станицата која не поврзува со цела Барселона. Хотелот има сопствен ресторан и фитнес центар. Се сместуваме во двокреветни соби со телевизор, фен, сеф, мини-бар/фрижидер и електричен Kettle.

**Сајт**
https://www.besthotels.es/destinos-y-hoteles/best-auto-hogar.html?utm_medium=organic&utm_source=google&utm_campaign=google-my-business&utm_term=google-loca…

**Адреса**
Av. del Paral·lel
64
Ciutat Vella
08001 Barcelona
Spain

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Барселона**

Барселона, град кој поседува неверојатен дух, еден од најкомплетните и најубавите градови во светот. Нереалните гаудиеви згради, Готски кварт, преубавата и уредена плажа во центарот на градот - Барселонета, шеталишта покрај море, мали пабови кои нудат домашна сангрија, волшебни фонтани, парк Гуељ, најголемиот стадион во Европа - Камп Ноу...

**Корисни информации**

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио

компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува прводиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.